# 12-ти АМАТЕРСКИ ХУМАНИТАРЕН ВЕЛЕСЛАЛОМ

## АГЕНДА ЗА НАСТАНОТ

WWW.SKIMAVROVO.COM










## ХУМАНИТАРЕН ВЕЛЕСЛАЛОМ

НОЌНА И ВЕЧЕРНА ЗАБАВА, ДЕРВЕНЦИЈА НА БАЧИЛОТО и FUN RACE

ПОЗНАТИ БЕНДОВИ и ДЈ

ОД 21 до 23-ти ФЕВРУАРИ, МАВРОВО 2014

# ПЕТОК
# 21.02 Февруари

**12-ти АМАТЕРСКИ ХУМАНИТАРЕН ВЕЛЕСЛАЛОМ**

## *ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТАРТНИ БРОЕВИ 20:00 Часот*



- Отварање на 12-тиот Аматерски Хуманитарен Велеслалом во Маврово;
- Доделување на стартните броеви;
- Тематска забава со бенд во живо;

**ДРЕС КОД:** Раните 20-ти
**ТЕМА:** Филмскиот хит “The Great Gatsby”
**БЕНД:** ПЛАН Г
**Главен Спонзор:** JAGERMEISTER

**НАПОМЕНА:** Во петок, 21.02.2014 година, од 09:00 до 15:30 и од 18:00 до 22:00 часот, на билетарницата од Скијачкиот центар, се издаваат ски картите за сите учесници на 12-тиот Аматерски Хуманитарен Велеслалом во Маврово, 2014-та. Картите важат за сабота и недела, 22-ри и 23-ти февруари 2014 година. Ски картите се издаваат лично, со Име и Презиме и фотографирање на самото место. Ве молиме подгответе само 150,оо денари за депозит на ски картата кои ќе ви бидат вратени во недела, со враќање на истата ски карта на билетарата од Скијачкиот центар, во недела, на 23.02.2014 година, по завршување на настанот.

## *ДЕРВЕНЏИЈА 23:00 Часот*



**Дервенџиите (чувари на патиштата) биле поставувани на местата на патиштата каде што се појавувале банди, ограбувачи кои правеле неред и им нанесувале штета на караваните, односно нормалното пренесување на стоките низ Империјата. Дервенџија можел да биде само оној кој ќе го издржел предизвикот поставен од Мештаните на Маврово.**

**Дали Вие можете да го издржете предизвикот?**
**Дали сте следниот ДЕРВЕНЏИЈА?**
**Пријави се и докажи!**

**Главен спонзор:** СКОПСКО

ДЕРВЕНЏИЈА МАВРОВО GORGEKEEPER

САБОТА
22.02 Февруари

12-ТИ АМАТЕРСКИ ХУМАНИТАРЕН ВЕЛЕСЛАЛОМ

## КВАЛИФИКАЦИИ 10:00 Часот

- Почеток на квалификационата велеслаломска трка во 10 часот;
- Забава со Пепи Ренцов Бенд и ДиЏеј во живо на Галичко Бачило во 13:00 часот. Организирање на штандови за закрепнување и освежување на натпреварувачите и присутните;
- FAN RACE трка за сите присутни на бачилото со почеток од 13:20 часот;
- Предизвик "Дервенџија" во текот на забавата.



## ВЕЧЕРНА ЗАБАВА 22:00 Часот

- Вечерна забава со почеток од 22:00 часот со еден од најдобрите женски акустични бендови на Балканот"ФРАЈЛЕ";
- Предизвик "Дервенџија" во текот на забавата;



**НЕДЕЛА**
**23.02 Февруари**

**12-ти АМАТЕРСКИ ХУМАНИТАРЕН ВЕЛЕСЛАЛОМ**

## ФИНАЛНИ ТРКИ 10:00 Часот



- Почеток на финалната велеслаломска трка во 10 часот, во женска конкуренција, машка конкуренција до 40 години и ветерани;
- Забава со бендот ПЛАН Г и ДиЏеј во живо на Галичко Бачило во 13:00 часот. ;
- Организирање на  штандови за закрепнување и освежување на натпреварувачите и присутните;

## ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ 14:30 Часот

- Прогласувањето на победниците во екипна и поединечна конкуренција и доделувањето на наградите на Галичко Бачило;



# 12-ти АМАТЕРСКИ ХУМАНИТАРЕН ВЕЛЕСЛАЛОМ

## ПРОПОЗИЦИИ НА НАТПРЕВАРОТ

Натпреварите ќе бидат крајно професионално организирани. За таа цел Скијачкиот Центар од Маврово како организатор и иницијатор на оваа хумана велеслаломска трка, во соработка со Скијачкиот сојуз на Македонија веќе изготви програма и пропозиции, по кои ќе се одвиваат квалификационите и финалните трки.

Натпреварувањето ќе се одржи на патеката од Галичкиот ски лифт. Времето ќе се мери електронски, Директор на трките е реномираниот, меѓународен судија, Г-н. Виктор Крстевски-Викса, а веќе традиционално главен судија на натпреварувањето е Г-н. Јохан Елзесер. За овој настан, патеката ќе ја постави Гоце Петков од „Snow Sports Academy Mavrovo”. Натпреварот ќе започне со две квалификациски возења за сите пријавени натпреварувачи. Најпрво ќе стартуваат натпреварувачите во женска конкуренција, па оние кои се над 40 годишна возраст, а за крај, најмладите или сите оние кои се родени пред и заклучно со 1974 година. За финалните трки ќе се важи подоброто време од овие две квалификациски трки. За екипниот дел од натпреварувањето кое завршува во сабота, се важат најдобрите две времиња од трите натпреварувачи и тоа од двете квалификациски трки.

Секоја екипа може да донесе свој банер кој ќе биде поставен на целната рамнина. Екипите пријавуваат по три аматери скијачи, членови во машка или женска конкуренција кои ќе се натпреваруваат во соодветните категории, аматери и оние кои активно (професионално) не се натпреварувале од 2004/2005 година.

**Доколку сте во можност, пожелно би било секоја од екипите да си донесе и брендирано знаме со димензија 2 х 1м.**

# 12-ти АМАТЕРСКИ ХУМАНИТАРЕН ВЕЛЕСЛАЛОМ

## ПРОПОЗИЦИИ НА FUN RACE ТРКАТА

За прв пат оваа година како дел од 12-тиот Аматерски Хуманитарен Велеслалом, Маврово 2014, ќе се одржи кратка трка за сите оние кои сакаат да се забавуваат и натпреваруваат. Може да учествува секој кој е присутен на бачилото, пријавувајќи се како тим од двајца натпреварувачи. Се натпреваруваат три екипи каде секој од нив имаат за задача да извршат одредени активности поставени на одредено растојание, настојувајќи да ги завршат во што пократок временски период. На крај од денот се истакнуваат резултатите и се доделуваат наградите за оние со најдобро време.

Самата трка се одвива непосредно до бачилото после квалификациската трка во Велеслалом.




Со почит,
Ски Центар Маврово.